# СЛУЖ

НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува по потреба во српско, хрватско, словенечко и македонско издание. — Огласи по тарифата. — Жиро сметка при Народната банка на ФНРЈ за претплата и одделни изданија број 101-11/1-39 за огласи 101-11/1-931

Среда, 24 август 1960

БЕЛГРАД

БРОЈ 34 ГОД. XVI

Цена на овој број е 20.— дин. — Претплата за 1960 година изнесува 2000.— дин., а за странство 3000.— динари. — Редакција: Улица Краљевиħа Марка бр. 9. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 28-010 28-417 и 28-838, Администрација 26-276. Продавно одделение 22-610.


**502.**

Врз основа на членот 86 од Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/59, 9/60 и 19/60) и точ. 1, 2 и 3 од Наредбата за договарањето за цените по кои стопанските организации ќе купуваат селскостопански производи од задружните и селскостопанските производителски организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/58), претставниците на Сојузот на трговските комори на Југославија, на Сојузот на земјоделско-шумарските комори на Југославија, на Сојузната надворешнотрговска комора, на Сојузната индустриска комора и на Главниот задружен сојуз на ФНРЈ постигнаа

## ДОГОВОР

### ЗА НАЈВИСОКИТЕ ЦЕНИ НА ИНДУСТРИСКИТЕ РАСТЕНИЈА ПО КОИ ОВЛАСТЕНИТЕ СТОПАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЌЕ НАБАВУВААТ ИНДУСТРИСКИ РАСТЕНИЈА ВО 1961 ГОДИНА

1. Претставниците на Сојузот на трговските комори на Југославија, на Сојузот на земјоделско-шумарските комори на Југославија, на Сојузната надворешнотрговска комора, на Сојузната индустриска комора и на Главниот задружен сојуз на ФНРЈ, на состанокот одржан на 5 август 1960 година во Сојузот на трговските комори на Југославија, се здоговорија највисоките цени по кои стопанските организации што се занимаваат со промет и преработка на индустриски растенија можат да набавуваат индустриски растенија од земјоделските задруги, деловните сојузи и земјоделските производителски организации во 1961 година да бидат, и тоа за:

1) сурови свилени кокони:

| | | |
|---|---|---|
| а) од јапонска бела раса | I класа до | 700 динари |
| | II класа до | 430 „ |
| | III класа до | 80 „ |
| б) од други раси | I класа до | 560 „ |
| | II класа до | 430 „ |
| | III класа до | 80 „ |

Овие цени се подразбираат за 1 кг сурови свилени кокони — франко откупното место на купувачот;

2) памук суров:

| | | |
|---|---|---|
| I класа | просечен рандман 31 | до 160 динари |
| II класа | просечен рандман 30 | до 140 „ |
| III класа | просечен рандман 30 | до 125 „ |

Овие цени се подразбираат за 1 кг суров памук со 9,5% влага — франко откупното место на купувачот;

3) пиварски јачмен:

а) пиварски јачмен јар до 42 динари

б) пиварски јачмен зимен до 39 „

Овие цени се подразбираат за 1 кг пиварски јачмен франко магацин, шлеп, вагон или друго превозно средство од местото на продавачот по избор на купувачот, за просечен квалитет вообичаен во прометот.

2. Овој договор е задолжителен врз основа на членот 88 став 2 од Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани за сите стопански организации од членот 86 став 1 на таа уредба кога купуваат односно продаваат земјоделски производи за кои е постигната спогодба.

3. Овој договор влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 03-3181
5 август 1960 година
Белград

За Сојузот на трговските комори на Југославија
Помошник секретар,
**Милан Дунѓеровиќ**, с. р.

# УКАЗИ

Претседателот на Републиката врз основа на членот 71 точка 4 од Уставниот закон, а на предлог од државниот секретар за надворешни работи, донесува

## УКАЗ

### ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТ НА ИЗВОНРЕДНИОТ И ОПОЛНОМОШЕН АМБАСАДОР НА ФНРЈ ВО АВСТРИЈА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШЕН АМБАСАДОР НА ФНРЈ ВО АВСТРИЈА

I

Се отповикува

Јоже Земљак од должноста на извонреден и ополномошен амбасадор на ФНРЈ во Австрија.

II

Се назначува

Иво Сарајчиќ, досегашен ополномошен министер во Државниот секретаријат за надворешни работи, за извонреден и ополномошен амбасадор на Федеративна Народна Република Југославија во Австрија.

III

Државниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 11
7 август 1960 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

Претседателот на Републиката врз основа на членот 71 точка 4 од Уставниот закон, а на предлог од државниот секретар за надворешни работи, донесува

## УКАЗ

### ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТ НА ИЗВОНРЕДНИОТ И ОПОЛНОМОШЕН АМБАСАДОР НА ФНРЈ ВО НОРВЕШКА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШЕН АМБАСАДОР НА ФНРЈ ВО НОРВЕШКА

I

Се отповикува

Владимир Роловиќ од должноста на извонреден и ополномошен амбасадор на ФНРЈ во Норвешка.

II

Се назначува

Душан Благојевиќ, досегашен ополномошен министер во Државниот секретаријат за надворешни работи, за извонреден и ополномошен амбасадор на Федеративна Народна Република Југославија во Норвешка.

III

Државниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 12
7 август 1960 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито,** с. р.

---

Претседателот на Републиката врз основа на членот 71 точка 4 од Уставниот закон, а на предлог од државниот секретар за надворешни работи, донесува

## УКАЗ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШЕН АМБАСАДОР НА ФНРЈ ВО ГВИНЕЈА

I

Се назначува

Илија Топалоски, досегашен извонреден и ополномошен амбасадор на ФНРЈ во Тунис, за извонреден и ополномошен амбасадор на Федеративна Народна Република Југославија во Гвинеја.

II

Државниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 13
11 август 1960 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито,** с. р.

---

Претседателот на Републиката врз основа на членот 71 точка 4 од Уставниот закон, а на предлог од државниот секретар за надворешни работи, донесува

## УКАЗ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШЕН АМБАСАДОР НА ФНРЈ ВО ГАНА

I

Се назначува

Звонко Перишиќ, досегашен ополномошен министер во Државниот секретаријат за надворешни работи, за извонреден и ополномошен амбасадор на Федеративна Народна Република Југославија во Република Гана.

II

Државниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 14
15 август 1960 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито,** с. р.

---

# ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА НАРОДНИТЕ РЕПУБЛИКИ

### СЛУЖБЕНИ ГЛАСНИК НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ СРБИЈЕ

„Службени гласник Народне Републике Србије" во бројот 30 од 23 јули 1960 година објавува:

**Уредба** за основување Рударски институт;

**Уредба** за изработката и постапката за донесување основен план за искористување на противерозиониот систем;

**Одлука** за установување додаток за асистентите од определена специјалност на факултетите на Универзитетот во Белград и Нови Сад;

**Одлука** за измени и дополненија на Одлуката за условите и начинот на спроведување на конкурсите за упис на вишите стручни школи;

**Одлука** за почетокот на исплатувањето на положајните плати на асистентите, лекторите, доцентите, вонредните професори и редовните професори на факултетите на Универзитетот во Белград и на Универзитетот во Нови Сад;

**Одлука** за измена на Одлуката за височината на дневниците, на надоместокот поради одвен живот и на надоместокот во вид на километража;

**Одлука** за начинот на користење на средствата за патување во странство, за размена на стручњаци со странски органи и установи, како и за специјализации и усовршувања во странство;

**Одлука** за исплата на зголемените положајни плати на судиите;

**Решение** за разрешување од должност на досегашните членови и за именување нови членови на Советот на Хемискиот институт на НР Србија во Белград;

**Решение** за определување бројот и за именување членови на Советот на Вишата управна школа во Ниш;

**Решение** за именување членови на Советот на Рударскиот институт во Белград;

**Решение** за определување околиски судови за решавање на кривични предмети на малолетници.

Во бројот 31 од 30 јули 1960 година објавува:

**Уредба** за составот на стручната комисија и за начинот на избирање професори и предавачи на виши школи;

**Одлука** за измени и дополненија на Одлуката за условите и начинот на спроведување конкурси за запишување на виши стручни школи;

**Решение** за определување бројот и за изборот на членовите на Универзитетскиот совет и факултетските совети на Универзитетот во Белград и Универзитетот во Нови Сад;

**Вкупен резултат** на општите избори за одборници на општинските народни одбори одржани на 20, 26 и 27 март и на околиските народни одбори оджани на 16 и 23 април 1960 година, вклучувајќи ги и резултатите на повторните избори.

Во бројот 32 од 6 август 1960 година објавува:

**Правилник** за составот и начинот на основување привремен школски одбор на Вишата геодетска школа во Белград;

**Упатство** за начинот и условите за остварување на надоместокот за повластиците во јавниот меѓумесен автобуски сообраќај признаен со прописите на НР Србија.

Во бројот 33 од 13 август 1960 година објавува:

**Договор** за највисоките цени за сливи, грозје и ореви од родот на 1960 година и за ракија од сливи по кои тие ќе се купуваат од индивидуалните земјоделски производители.

## НАРОДНЕ НОВИНЕ
## СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ ХРВАТСКЕ

„Народне новине" службени лист Народне Републике Хрватске во бројот 31 од 3 август 1960 година објавуваат:

**Закон** за основување Машински факултет во Риека, Електротехнички факултет и Хемиско-технолошки факултет во Сплит и на Висока земјоделска школа во Осиек;

**Закон** за вишите земјоделски школи;

**Закон** за вишите економски школи;

**Одлука** за изборот и отповикот на членови на собранијата на околиските фондови за здравствено осигурување на земјоделските производители.

Во бројот 32 од 10 август 1960 година објавуваат:

**Закон** за педагошките академии;

**Закон** за вишите школи за медицински сестри;

**Закон** за Музејот на револуцијата на народот на Хрватска во Загреб;

**Закон** за организиран одмор на децата и младината.

## СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ БОСНЕ И ХЕРЦЕГОВИНЕ

„Службени лист Народне Републике Босне и Херцеговине во бројот 24 од 17 јуни 1960 година нема службен дел.

Во бројот 25 од 24 јуни 1960 година објавува:

**Закон** за работниот однос на куќните помошнички;

**Закон** за одморалиштата за деца и младина;

**Закон** за измени и дополненија на Законот за органите на управата во НР БиХ;

**Закон** за дополнение на Законот за расподелба на приходите од заедничките извори;

**Закон** за вишите економско-комерцијални школи во Сараево и Бања Лука;

**Одлука** за определување претставник на Соборот на производителите на Народното собрание на НР БиХ во органите на управувањето на републичките стопански комори;

**Одлука** за разрешување член на Извршниот совет на НР БиХ;

**Одлука** за потврда на измените и дополненијата на Статутот на Околијата Сараево;

**Одлука** за одобрување на измените и дополненијата на Статутот на Занаетчиската комора на НР БиХ и на измените на Статутот на Стручното здружение на електро-дистрибутивните претпријатија во НР БиХ;

**Одлука** за почетокот на исплатувањето на положајните плати на асистентите, лекторите, доцентите, вонредните и редовните професори;

**Одлука** за спојување на Болницата за микотични оболенија „Др Симо Милошевиќ" и Заводот за дерматовенерологија во Сараево;

**Одлука** за измена и дополнение на Одлуката за програмата за развиток на гимназиите до 1961 година;

**Одлука** за измена на Одлуката за утврдување бројот на членовите на републичките совети;

**Одлука** за определување на органите за давање согласност на решенијата за наградите на службениците на самостојните установи;

**Решение** за основување Климатско закрепувалиште на Државниот секретаријат за внатрешни работи на НР БиХ „Прењ" на Борачко Езеро.

**Решение** за пренесување на правата на основувач на Домот на Средното шумарско училиште во Илиџа врз Народниот одбор на околијата Сараево;

**Решение** за измена на Решението за основување Центар за медицинска рехабилитација на физички дефектни лица во Бања Лука;

**Решение** за измена на Решението за клиничката болница за туберкулоза на белите дробови на Медицинскиот факултет во Сараево;

**Решение** за ставање вон сила на Решението за основување на Заводот за професионално оспособување на умно заостаната младина во Чапљина;

**Решение** за укинување на Стручното учителско домаќинско училиште во Мостар;

**Правилник** за начинот на полагање на приемниот испит за запишување во стручните училишта и во одделенијата за возрасни во стручните училишта;

**Решение** за разрешување и назначување републички функционери;

**Решение** за разрешување и назначување функционери на републичките органи на управата.

Во бројот 26 од 1 јуни 1960 година објавува:

**Наредба** за отстапување дел од придонесот на фондот за кадрите во стопанството на определени стопански организации на внатрешната трговија;

**Правилник** за полагање поправителен и класов испит во гимназија;

**Правилник** за измени на Правилникот за полагање приватни испити во средните економски училишта;

**Правилник** за измени и дополненија на Правилникот за односот на бројот на учениците во стопанството и бројот на квалификуваните работници и за односот на машката и женската младина на изучување занимања односно занаети;

**Правилник** за курсевите за здобивање со основни знаења од хигиената на лицата запослени во производството или прометот на прехранбени продукти;

**Правилник** за извршување на Уредбата за фондот за социјалните установи на НР БиХ;

**Одлука** за избор на повремени судии на Вишиот стопански суд на НР БиХ;

**Решение** за определување претставник на Извршниот совет на НР БиХ во собранијата и управните одбори на републичките стопански комори.

Во бројот 27 од 8 јуни 1960 година објавува:

**Правилник** за организацијата и работата на училишните кујни на основните училишта и гимназии;

**Упатство** за пресметувањето и наплатата на придонесот за здравствено осигурување на селскостопанските производители.

Во бројот 28 од 15 јули 1960 година објавува:

**Указ** за прогласување на Законот за Вишата земјоделска школа во Бања Лука, со текст од истиот закон;

**Указ** за прогласување на Законот за Вишата геодетска школа во Сараево, со текст од истиот закон;

**Указ** за прогласување на Законот за Вишата педагошка школа во Тузла, со текст од истиот закон;

**Указ** за прогласување на Законот за средствата за изградба на судски згради, со текст од истиот закон;

**Указ** за прогласување на Законот за основување на Рударски факултет во Тузла, со текст од истиот закон;

**Указ** за прогласување на Законот за измени и дополненија на Законот за шумите, со текст од истиот закон;

**Указ** за прогласување на Законот за измени и дополненија на Законот за согласување на законите на НР Босна и Херцеговина со Кривичниот законик, со текст од истиот закон;

**Указ** за прогласување на Законот за измени и дополненија на Законот за согласување на одредбите за прекршоците во законите на НР Босна и Херцеговина со Основниот закон за прекршоците, со текст од истиот закон;

**Одлука** за траењето на одморот на Народното собрание на НР БиХ во 1960 година;

**Одлука** за потврда на измените на Статутот на Околијата Зеница;

**Одлука** за избирање судии на окружните судови и на окружниот стопански суд и за разрешување на судии на окружен суд;

**Решение** на Изборната комисија на НР БиХ за распишување на дополнителните избори за народен пратеник на Соборот на производителите на Народното собрание на НР БиХ:

во 12 Изборна околија Горажде, во Групата индустрија, трговија и занаетчиство;

во 43 Изборна околија Зеница во Групата на индустрија, трговија и занаетчиство;

во 10 Изборна околија Маглај, во Групата земјоделство;

во 11 Изборна околија Горажде, во Групата земјоделство;

во 18 Изборна околија Сараево, во Групата земјоделство;

**Исправка** на Законот за вишите економско-комерцијални школи во Сараево и Бања Лука.

## СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Народна Република Македонија" во бројот 20 од 24 јуни 1960 година објавува:

**Указ** за прогласување на Законот за заштита на земјиштето од ерозија и порои, со текст на истиот закон;

**Указ** за прогласување на Законот за искористување на пасиштата, со текст на истиот закон;

**Указ** за прогласување на Законот за искористување на земјоделското земјиште, со текст на истиот закон;

**Указ** за прогласување на Законот за престанок на важноста на одделни закони од областа на земјоделството, со текст на истиот закон;

**Одлука** за нормите на придонесот за основното здравствено осигурување на земјоделските производители за 1960 год.;

**Одлука** за утврдување бројот на судиите во Врховниот суд на НРМ, во Вишиот стопански суд на НРМ, и во окружните и околиските стопански судови во НРМ;

**Уредба** за зголемување положајните плати на наставниците и факултетските и универзитетските соработници на Универзитетот во Скопје;

**Решение** за измена на Решението за прогласување на шумските предели во сливот на реката Очо за шумски резерват;

**Упатство** за содржајот на урбанистичката студија, основниот урбанистички план и плановите за реализација;

**Наредба** за привремена забрана на лов на ретки и проредени видови заштитен дивеч;

**Решение** за одлагање на распишаните дополнителни избори за народни пратеници во Соборот на производителите на Народното собрание на НРМ во некои изборни околии;

**Исправка** на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за завршниот испит во техничките и другите училишта за стопанството и јавните служби.

Во бројот 21 од 27 јуни 1960 година објавува:

**Одлука** за овластување Одборот за стопанство да донесува акти во работи од надлежност на Извршниот совет;

**Решение** за разрешување од должноста на секретарот на Секретаријатот за општи стопански работи на Извршниот совет;

**Решение** за назначување помошник на Јавниот правобранител на Народна Република Македонија;

**Упатство** за водење евиденција на државјаните на Народна Република Македонија.

Во бројот 22 од 1 јули 1960 година објавува:

Уредба за организацијата и работата на Државниот секретаријат за работи на финансиите;

**Уредба** за минималне градежни и хигиенски услови на зградите на село и надвор од реонот на градовите, бањите, бањските, климатските и туристичке места чии приходи се оданочуваат;

**Решение** за разрешување од должноста помошникот на секретарот на Секретаријатот за општи стопански работи на Извршниот совет;

**Решение** за разрешување од должноста шеф на Кабинетот на Претседателот на Извршниот совет;

Решение за разрешување од должноста помошникот на секретарот на Секретаријатот за индустрија на Извршниот совет;

**Решение** за поставување секретар на Секретаријатот за општи стопански работи на Извршниот совет;

**Решение** за поставување помошник на секретарот на Секретаријтот за законодавство и организација на Извршниот совет;

**Решение** за поставување на помошник на Секретаријатот за индустрија на Извршниот совет;

**Решение** за разрешување на досегашни и именување на нови членови на Одборот за кредити при Југословенската земјоделска банка — филијала Скопје;

**Решение** за распишување на дополнителни избори за народен пратеник на Републичкиот собор на Народното собрание на Народна Република Македонија;

**Објава** за потврдени кандидатури;

**Исправка** во Прилогот кон Правилникот за организацијата и работата на Секретаријатот за законодавство и организација на Извршниот совет на НРМ („Службен весник на НРМ" бр. 4/60).

## СОДРЖИНА:

Страна

502. Договор за највисоките цени на индустриските растенија по кои овластените стопански организации ќе набавуваат индустриски растенија во 1961 година — 713

**Издава Новинска установа „Службен лист на ФНРЈ". Белград, Краљевића Марка 9. Пошт. фах 226. — Директор и одговорен уредник Радован Вукановиќ. Улица Краљевића Марка бр. 9. — Печат на Белградскиот графички завод, Белград**